**Народна банка на Република Македонија**
**Дирекција за статистика**

Скопје, 30 ноември 2016 година

## Соопштение за печат

## Позначајни движења во платниот биланс[1] во септември 2016 година

Во септември 2016 година во тековната сметка бележиме суфицит од 27,3 милиони евра, додека во финансиската сметка се остварени нето-приливи врз основа на валути и депозити, заеми и портфолио-инвестиции.

**Основни компоненти на платниот биланс на Република Македонија**
(во милиони евра)

| | IX-2016 | I-IX.2016 | месечна промена | | годишна промена | | збирна промена | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | милиони евра | % | милиони евра | % | милиони евра | % |
| **Тековна сметка** | **27.3** | **-70.1** | **-10.7** | -28.1 | **-32.0** | -54.0 | **-25.5** | 57.2 |
| Стоки | **-117.0** | **-1,333.3** | **42.0** | -26.4 | **-10.9** | 10.2 | **-46.9** | 3.6 |
| Услуги | **28.2** | **336.1** | **-14.4** | -33.9 | **-16.2** | -36.4 | **35.7** | 11.9 |
| Примарен доход | **-23.5** | **-220.6** | **2.0** | -7.8 | **-0.6** | 2.5 | **-7.2** | 3.4 |
| Секундарен доход | **139.7** | **1,147.7** | **-40.2** | -22.4 | **-4.4** | -3.1 | **-7.1** | -0.6 |
| **Капитална сметка** | **0.3** | **10.2** | **-4.0** | | **0.1** | | **5.2** | |
| **Финансиска сметка** | **22.1** | **-79.4** | **-21.1** | | **-36.5** | | **-52.3** | |
| Директни инвестиции | **22.5** | **-183.3** | **74.7** | | **16.6** | | **-51.6** | |
| Портфолио-инвестиции | **-4.8** | **-431.7** | **-1.5** | | **-9.3** | | **-459.0** | |
| Валути и депозити | **-31.4** | **152.7** | **-57.4** | | **-29.8** | | **-70.5** | |
| Заеми | **-21.9** | **-126.0** | **6.4** | | **11.0** | | **-212.7** | |
| Трговски кредити | **31.2** | **70.1** | **28.9** | | **-43.6** | | **41.9** | |
| Девизни резерви | **26.4** | **439.5** | **-73.2** | | **18.5** | | **700.3** | |

Напомена: Во финансиската сметка знакот (-) означува нето-приливи од странство.
Извор: НБРМ.

## *Тековна сметка*

Тековните трансакции со нерезидентите во септември 2016 година доведоа до позитивно салдо во тековната сметка од 27,3 милиони евра, во услови кога суфицитите остварени кај секундарниот доход и размената на услуги (139,7 милиони евра и 28,2 милиона евра, соодветно) ги надминуваат дефицитите од стоковната размена и кај примарниот доход (117 милиони евра и 23,5 милиони евра, соодветно).

На месечна основа, суфицитот на тековната сметка е понизок за 10,7 милиони евра, што главно произлегува од пониските суфицити кај секундарниот доход (за 40,2 милиона евра) и размената на услуги (за 14,4 милиони евра), делумно нетирани со понискиот дефицит во

[1] Платниот биланс претставува статистички извештај којшто систематски ги сумира сите економски трансакции на Република Македонија со странство за определен временски период, односно ги сумира тековните, капиталните и финансиските трансакции помеѓу резидентите и нерезидентите.

стоковната размена (за 42 милиона евра) и помалите нето-одливи кај примарниот доход (за 2 милиона евра).

На збирна основа, дефицитот во тековната сметка за периодот јануари – септември 2016 година изнесува 70,1 милион евра и е повисок за 25,5 милиони евра (57,2%), во споредба со истиот период од 2015 година. Притоа, зголемениот дефицит во размената на стоки и кај примарниот доход (за 46,9 и 7,2 милиона евра, соодветно), како и пониското суфицит кај секундарниот доход (за 7,1 милион евра), само делумно беа неутрализирани со повисокиот суфицит во размената на услуги (за 35,7 милиони евра).







Извор: НБРМ.

## ***Финансиска сметка***

Во финансиската сметка, во септември бележиме нето-приливи од: валути и депозити (31,4 милиона евра), заеми (21,9 милиони евра) и портфолио-инвестиции (4,8 милиони евра), а нето-одливи врз основа на трговски кредити (31,2 милиона евра) и директни инвестиции (22,5 милиони евра). Девизните резерви бележат раст за 26,4 милиона евра.

Во септември 2016 година, кај директните инвестиции, на нето-основа, се забележани одливи од 22,5 милиони евра. Од почетокот на годинава, заклучно со септември, врз оваа основа се евидентирани нето-приливи од 183,3 милиони евра, коишто ги надминуваат нето-приливите остварени во истиот период минатата година за 51,6 милиони евра.

Кај обврските врз основа на директни инвестиции[2] во септември е забележано намалување од 7,5 милиони евра, при нето-одливи врз основа на сопственички капитал (1,9 милиони евра) и реинвестирање на добивката (12,8 милиони евра), наспроти нето-приливите од должнички инструменти (7,1 милион евра). Збирно, обврските кон директните инвеститори се зголемени за 358,6 милиони евра (за 101,6 милиони евра, или 39,5% повеќе во однос на истиот период минатата година).

Кај средствата од директни инвестиции, во септември бележиме нето-одливи од 15 милиони евра, главно врз основа на должнички инструменти. На збирна основа, средствата се зголемени за 175,3 милиони евра (за 50 милиони евра, или за 39,9% повеќе во однос на истиот период во 2015 година).

Нето-приливите врз основа на заеми во износ 21,9 милиони евра во септември годинава главно произлегуваат од растот на нето-обврските на останатите сектори[3] и на секторот „држава“.

Заклучно со септември, во финансиските трансакции со нерезиденти се евидентирани нето-приливи од портфолио-инвестиции, директни-инвестиции и заеми, коишто ги надминуваат нето-одливите кај валутите и депозитите и трговските кредити. Повисоките нето-приливи овозможија финансирање на дефицитот во тековната сметка (70,1 милион евра) и дополнителен раст на девизните резерви (за 439,5 милиони евра).







Извор: НБРМ.

---

[2] Се прикажуваат директни инвестиции во зависност од тоа дали финансиските трансакции создаваат обврска кон или побарување (средства) од странство.

[3] Останатите сектори опфаќаат: останати финансиски институции, нефинансиски претпријатија, домаќинства и непрофитни институции коишто им служат на домаќинствата.

### *Ревизии на податоци*

Податоците за платниот биланс во ова соопштение содржат редовни ревизии на податоците за периодот јануари – август 2016 година. Овие ревизии не предизвикаа значителни промени кај претходно објавените податоци и главно произлегуваат од подобрениот опфат преку статистичките извори на податоци.

### *Придружни информации*

Временски серии податоци: годишни, квартални и месечни податоци за платниот биланс:
http://www.nbrm.mk/?ItemID=5ED8DADBAEF3C947A047BBAA641BBD7D

Методолошки појаснувања:
http://www.nbrm.mk/?ItemID=5ED8DADBAEF3C947A047BBAA641BBD7D

Следни објавувања: Календар на објавување податоци
http://nbrm.mk/?ItemID=7B1CC2F73E9A3641B2F05235A02C8BDC

Месечен платен биланс: 30 декември 2016 (референтен пресек заклучно со октомври 2016 година).

За новинарски прашања, ве молиме контактирајте со лицата од Кабинетот на гувернерот.

За подетални информации во врска со објавените статистички податоци, побарајте нè на: contact.statistika@nbrm.mk или на телефонскиот број 02 3215 181 локал 103 (или 110/108).